# МОНИТОРИНГ *извештај*

## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

### Извештај број 5

(период на известување:
1 септември – 15 декември 2019 година)

АКЦИЈА ЗА ПОГОЛЕМА транспарентност, отчетност и ефективност на СУДСКИОТ СОВЕТ НА РМ

Институт за човекови права

**Проект:**
**Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ**

**Имплементатор:**
Институт за човекови права

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РСМ", финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# МОНИТОРИНГ-ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

# ВОВЕД

Мониторинг - извештајот за работата на Судскиот совет, за периодот септември-декември 2019 година, е изработен во рамки на проектот *„Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет“*[1], и негова интенција е мерење на транпарентноста, отчетноста и ефективноста на Судскиот совет.

Институтот за човекови права има за цел полесно и посеопфатно да ги оцени транспарентноста, отчетноста и ефективноста во работењето на Судскиот совет преку присуство на јавни седници, следење на веб-страницата на Судскиот совет и слободен пристап до информации од јавен карактер.

<u>Овој мониторинг извештај содржи информации :</u>

За потребите на мониторингот беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, одговори на доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, веб-страницата на Судскиот совет на РМ, објави на медиуми итн.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## Транспарентност преку отворени седници на Судскиот совет

| | септември | октомври | ноември |
|---|---|---|---|
| **Одржани седници** | **3** | **3** | **3** |

## Содржина на веб страната

| | |
|---|---|
| Биографии на членовите на ССРМ | ✓ |
| Достапност на информации за одржани седници | ✓ |
| Објава на огласи за избор на судии, претседатели на судови и членови на Судскиот совет од редот на судиите | ✓ |
| Објава на имиња на кандидати за членови на Судскиот совет од редот на судиите | ✓ |
| Објава на биографии на кандидати за избор на член на Судски совет | ✗ |
| Реакции и соопштенија за јавност кои се однесуваат на обезбедување независноста на судството | ✓ |
| Тримесечни и годишни извештаи за работа на судовите | ✓ |

1 http://www.ihr.org.mk/project.php?pid=357

### Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и изјави за медиуми:

- Судскиот совет, во периодот на известувањево, ја зголемил својата активност со редовно објавување реакции и соопштенија до јавноста во врска со актуелни случувања кои влијаат на независноста на судството.[2] Сепак, за поважните информации, кои требало да стигнат до пошироката јавност Судскиот совет треба да испраќа реакции/соопштенија и директно до новинарите.
- Соопштенијата за одржување седница редовно и навремено се објавувале на веб страницата на Советот. Соопштенијата кои се објавувале по секоја седница за донесените одлуки на седниците се навремени и содржат подетални информации од претходно.
- Пред секоја поважна седница претседателот на Советот одговарал на новинарски прашања. Во оваа насока има подобрувања од аспект на давање подетални одговори од претседателот и неодбивање одговор и за поделикатни прашања.
- Судскиот совет ги објавувал огласите и одлуките за избор. Одлуките за разрешување судија и претседател на суд не се објавувале, со образложение дека роковите за жалба не се поминати. Сепак, за задоволување на интересот на јавноста, особено во период на зголемена недоверба во судството, од особена важност е овие одлуки да се објавуваат анонимизирано.

## ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

Судскиот совет навремено го усвои Годишниот извештај за работата за 2018 година и го достави до Собранието на разгледување и усвојување. Собранието извештајот се‘ уште не го разгледало.

## ЕФЕКТИВНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

### Оценка за работата на судиите во Република Македонија, во однос на квалитетот и ажурноста (наративен дел);

Судскиот совет ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница.

Во овој период беа разгледувани и извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија за второто тромесечје (април, мај и јуни) и за август, септември и окромври за 2019 г. Како резултат од истите, се констатира зголемена неажурност на судовите.

За третото тромесечје (за периодот август-октомври, 2019 г.) беше констатирано дека најголем број судови се неажурни. Единствени ажурни судови се: АС Гостивар, ОС Штип и ОС Св. Николе.

Во текот на дискусијата по оваа точка беше истакната потребата да се реши проблемот со неажурноста на судовите, при што, како главен проблем се истакна недоволниот број судии и судска администрација. Сепак, беше напоменато дека во овој период нема тенденција на зголемување на предметите. Од друга страна, беше констатирано дека во овој квартал тече периодот на судска ферија и годишни одмори, поради што секоја година се јавува неажурност на најголемиот број судови.

Претседателот истакна дека секој член на советот треба особено да го разгледа извештајот за судот за кој е координатор, со основна цел да се изнајдат конкретни решенија за проблемот со неажурноста на судовите.

2 http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm

Истакнувањето на проблемите со ажурноста се споменува само при разгледување на извештаите на судовите. На наредните седници Советот не го става на дневен ред овој проблем. И до извештајниов период не се има пристапено со стратегија и конкретно решение на проблемот на седница на која се разгледуваат извештаите.

## ИЗБОР НА НОВИ ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

На 5.10.2019 година им престанал мандатот на двајца членови на Советот. Покрај тоа, на еден член на Советот, избран по предлог на Претседателот на РСМ, му престанува мандатот во декември, а на еден член , избран од редот на судиите, му престанува мандатот во јануари 2020 година.

За избор на член на Советот од редот на судиите, припадници на заедниците кои не се мнозинство во државава, навремено е објавен оглас од Судскиот совет. Членот ќе се избира од сите судии на цела територија на државава.[3]

Според новиот Закон на Судски совет, комисијата за спроведување избори за член на Судски совет е составена од член и негов заменик, кои се избираат од редот на претставниците на здруженијата и фондациите кои работат повеќе од пет години во областа на човековите права и владеењето на правото. Советот, на својата веб страна, навремено го објави повикот до здруженијата и фондациите за избор на член на Советот од редот на судиите кои не припаѓаат на мнозинството.

Судскиот совет започна да ги објавува имињата на кандидатите за член на Судскиот совет од редот на судиите во делот кога известува за одржаната седница и усвојување на ранг листата. За прв пат Судскиот совет објави и посебно соопштение со имиња на кандидатите.

Од особена важност ќе биде да се се објавуваат биографиите на кандидатите, за подобро запознавање на судиите со кандидате за кои треба да гласаат.
**Во однос на изборот на членови од Собранието (од кои еден е по предлог на претседателот на државава) целата постапка за избор беше одоговлекувана, но во декември Собранието (по притисок од граѓанските организации и по реакции од Судскиот совет) конечно избера двајца членови.**
**Од Собранието е избран Селим Адеми (кој веќе беше член на Судскиот совет).**
**По предлог на претседателот**, Собранието ја избра **Весна Дамева (стручен соработник во Кривичниот суд Скопје).**
Во овој момент, кога довербата на граѓаните во судството и во Судскиот совет, како највисок орган во судството, е на значително ниско ниво, од особена важност е за членови на Судскиот совет да бидат избирани лица за кои не постои сомнеж за нивниот интегритет и професионално делување, а кои особено се истакнале во правната наука и кои би можеле активно да придонесат во извршувањето на основната надлежност на Судскиот совет – а тоа е обезбедување независност на судството.

Во новиот Закон за ССРСМ,[5] донесен во мај 2019 година, дадени се условите кој може да биде член на Советот, по предлог на претседателот на РСМ, а избран од Собранието на РСМ. Имено, за член на Советот, по предлог на претседателот на РСМ, Собранието може да избере лице кое, покрај тоа што треба да е државјанин на РСМ, треба и да не е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, што го прави недостоен да ја врши функцијата член на Советот. Лицето треба да има најмалку 15 години работно искуство во правната професија, да е со положен правосуден испит и во вршењето на правната професија да се истакнало со научна или професионална работа или со јавно делување, да ужива углед и да поседува интегритет за вршење на функцијата-член на Совет.Покрај ова, Законот дава предлози кој сè може да биде избран за член на ССРСМ, па ги наведува универзитетски-

3 Чл. 14, Закон за Судски совет, Службен весник бр. 102/2019 г.

те професори по право, адвокатите, поранешните судии на Уставен суд на Република Северна Македонија, меѓународните судии и други истакнати правници.
Ова јасно ја покажува интенцијата на законодавецот за посакуваниот профил на членови на Судскиот совет.
Сепак, се продолжува со практиката за членови на Судски совет на РСМ, предложени од Претседателот на РСМ, а избрани од Собранието на РСМ, да се избираат кандидати кои имаат работно искуство во извршната и судската власт, а од приложената биографија да не може да се види исполнувањето на законските услови во насока на утврдување на елементите за истакнат правник.[4].

## Избор на судии и претседатели на судови

Судскиот совет навремено ги објавува огласите за избор на судии и претседатели на судови.

Сепак, во огласите не е наведена потребната специјализација за пополнување на празното судиско место, согласно со претходно доставеното барање од судот до Советот, со кое се бара пополнување на судиското место.[5] Потребната специјализација, за овој период, е наведена само во огласот за избор на судии на Врховниот суд.

## Избор на судии во основните судови

Судија на Основен суд првенствено се избира од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители. Единствено, доколку нема пријавено кандидати од Академијата, Советот може да избере и судија од друг основен суд кој се пријавил на огласот.[6]

Во периодов на известувањево, Советот **има избрано само двајца судии на Управен суд** - Елеонора Хамулиќ Ајро, кандидат од Академија за судии и јавни обвинители и Александар Чичаковски, поранешен претседател на Државна изборна комисија.

Ова е последен избор за судија на Управен суд во кој може да се избере лице кое не е судија. Со новите измени, **за судија на Управен суд може да биде избрано само лице кое има работно искуство од најмалку четири години непрекинат судиски стаж како судија во основен суд до моментот на пријавувањето за избор,** а **кое е избрано од Судскиот совет на Република Македонија**.[7]

Во извештајниов период **Судскиот совет објави оглас за избор на 19 судии во основни судови во државава.** Во моментов има само 18 завршени кандидати од Академијата. Со објавувањето оглас за поголем број судии од кандидатите од Академијата се создава можност во некој од судовите да се избере и судија кој доаѓа од друг основен суд во државава.

**Оглас за избор на 19 судии се објави за следниве места:**
- по 1 (еден) судија за ОС Берово, ОС Битола, ОС Виница, Гостивар, Делчево, Кичево, Крушево, Охрид, Свети Николе, ОС Скопје и ОС Штип;
- 2 (двајца) судии во ОС Куманово;
- 3 (три) судии во Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје.

Откако беше изгласана одлуката за оглас за судии за основни судови, се разви кратка дебата во која, од неколку членови на Судскиот совет беше истакнато дека има поголема потреба од судии во Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје, поради големината на судовите и обемот на работа, за сметка на малите судови, каде има помал обем на работа.

4 Реакција по повод изборот на член на Судскиот совет на РСМ, http://www.ihr.org.mk/p.php?pid=556&fbclid=IwAR2cqSS-3it3JwJUqfDhiGO1CUbzAlEn1g3IjL9faZY4vqdUgTJ9t_3oKLo

5 Чл. 46, Закон за Судски совет, 2019 г.

6 Чл.47, Закон за Судски совет;

7 Чл. 46, Закон за судови.

## Избор на судии во повисок суд

Судскиот совет, во овој период, изврши избор на судии во повисок суд на следниве судиски места:

Врховен суд – избрана Цветанка Периќ, поранешен судија на Апелациски суд.
**Судскиот совет не избра 6 (шест) судии на Апелациски суд Скопје по Оглас објавен на 7.2.2019 година. Изборот на судии за Апелациски суд Скопје беше ставен на дневен ред, беше констатирано дека има над 60 пријавени кандидати, но членовите не преминаа на гласање. Судскиот совет не даде оправдана причина зошто не премина на гласање и избор на кандидатите. Судскиот совет конечно го стави на дневен ред изборот на Судии на Апелациски суд за 25 декември 2019 год.**

Во овој период **објавен е оглас** за избор на 3 (тројца) судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија и тоа за 1 (еден) судија за граѓанска област и за 2 (двајца) судии за кривична област.

Советот донесе одлука со која го зголеми бројот на судии во Врховниот суд на 28 судии, вкучувајќи го и претседателот на судот.

## Избор на претседатели на судови

За претседател на суд се избира судија кој од ранг-листата на кандидати ќе добие најголем број гласови од членовите на Судскиот совет (најмалку осум членови на Советот со право на глас). Секој член на Советот, со право на глас, е должен усно, на седница на Советот, да ја образложи својата одлука за избор на претседател на суд.

Одлуките за избор се објавени на веб страната.

Кандидатот за претседател на суд, кон пријавата и другите документи, приложува програма за работа во текот на мандатот, која задолжително содржи мерливи параметри и временски рамки за реализација на програмските цели, по календарски години.[8]

8 Член 47, Закон за судови;

| Избор на претседатели на судови | |
|---|---|
| Објавени огласи во периодот на известување | Оглас за избор на претседател на Апелациски суд Битола, Основен суд Гостивар, Основен суд Кочани и Основен суд Охрид.<br><br>Оглас за избор на претседател на Основен суд Радовиш, Основен суд Струга и Основен суд Струмица |
| Избрани претседатели во периодот на известување[9] | • Основен суд Битола, со одделение во Демир Хисар.<br>• Основен суд Велес- Лидија Димова, судија на Основен суд Велес.<br>• Претседател на Основен суд Делчево- Миле Ѓорѓиев, судија на Основен суд Делчево.<br>•Претседателот на Основен суд Кавадарци не го доби потребното мнозинство на гласови од членовите на Советот со право на глас;<br>• Претседател на Основен суд Кичево-Амдије Зенку, судија на Основен суд Кичево, со Одделение во Македонски Брод.<br>• Претседател на Основен суд Крива Паланка- Љубица Цветковска Стојановска, судија на Основен суд Крива Паланка.<br>• Одлука за избор на Претседател на Основен суд Прилеп- Зоран Стеваноски, судија на Основен суд Прилеп.<br>• Одлука за избор на Претседател на Основен граѓански суд Скопје- Илир Сулејмани, судија на Основен граѓански суд Скопје.<br>• Одлука за избор на Претседател на Основен суд Штип- Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип.<br>• Одлука за избор на претседател на Основен суд Неготино- Билјана Толова, судија на Основен суд Неготино.<br>• Одлука за избор на претседател на Виш управен суд-Исмета Амет, судија на Управен суд.<br>• Донесена е одлука за избор на **вршители на должност** до избор на претседатели за- претседател на Основен суд Радовиш и претседател на Основен суд Струмица. Одлуката е едногласно донесена и назначени се ВД претседатели на Основен суд Радовиш и Основен суд Струмица, се‘ до регуларниот избор за Претседател. |
| Одлука за избор | Сите одлуки за избор на претседател се јавно објавени. Одлуките содржат податоци за сите кандидати, со број на бодови, работно искуство и националност. Одлуката за бројот на гласови кои ги добил секој кандидат (со канидадот кој е избран) не содржи детално образложение за кандидатот кој има добиено најголем број на гласови.<br><br>Програмите за работа на кандидатите за претседатели не се дискутирале. Од друга страна, Програмата за работа на преседателот на судот и нејзината реализација е најбитен елемент при оценувањето на работата на претседателите на судови. |

9 Огласите за избор на претседатели на судови, кои беа избрани во овој период, беа објавени во мај 2019 година.

## Разрешување на судии и претседатели на судови

**Еден (1) претседател на суд е разрешен од функцијата претседател на суд и судија,**
**Еден (1) судија е разрешен од вршење судиска функција и за двајца судии е запрена постапката. Донесени се одлуки за времено оддалечување од вршење судиската функција и претседател на суд.**

**Точките за дневен ред на седниците, на кои се расправа за одговорност на судија и претседател на суд, се затворени за јавност.**

**Одлуките за разрешување, од овој период, не се јавно објавени. Судскиот совет истакнува дека причина за необјавувањето е тоа дека периодот за жалба не бил истечен.**

## Повторување на постапки за утврдување на одговорност на судија по повод конечните пресуди на ЕСЧП

Во овој период Судскиот совет повтрил една постапка за разрешување судија по повод конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Донесена е Одлука со која е констатирано дека судија на Основен суд Тетово, сега во пензија, постапил нестручно и несовесно по конкретен предмет, со што сторил повреда на член 75 став 1, алинеја 2 и 8 од Законот за судовите.

**Одлуките по повторените постапки не се јавно објавени.**

## Останати активности на Судскиот совет

Судскиот совет се' уште нема донесено подзаконски акти, усогласени со новиот Закон за Судски совет, и нема донесено методологија за оценување. Методологијата за избор на судии и утврдување методологија за спроведување интервјуа за кандидати за судија на основен суд (што се бодува со најмногу 10%), исто така не е донесена, иако огласот за избор на повеќе кандидати веќе е објавен.

Институтот за човекови права изготви мобилна апликација за следење на работата на Судскиот совет. Апликацијата може да ја преземете БЕСПЛАТНО на Google Play Store и на Apple Store под името „Институции под лупа“. Тука ќе ги најдете сите тековни информации и квартални извештаи изработени во рамките на проектот „Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ“.

ANDROID APP ON Google play

Available on the App Store